# ГОЛЕМОПРОДАЖНА ПОНУДА

# ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТЕРМИНИРАНИ СЕГМЕНТИ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

**СОДРЖИНА**

1. ПРЕДМЕТ НА ПОНУДАТА ........ 3
2. ГЕОГРАФСКИ МОДЕЛ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ГОЛЕМОПРОДАЖНА УСЛУГА ЗА ИЗНАЈМЕНА ЛИНИЈА ........ 3
3. БАРАЊЕ ЗА УСЛУГА ЗА ЗАВРШНИ СЕГМЕНТИ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ ........ 4
4. СКЛУЧУВАЊЕ НА ОПШТ ДОГОВОР ЗА ГОЛЕМОПРОДАЖНИ ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ . 5
5. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГА ЗА ЗАВРШНИ СЕГМЕНТИ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ ... 5
6. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ ........ 7
7. НАДОМЕСТОЦИ, ФАКТУРИРАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ ........ 7
8. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ........ 7
9. ПРИГОВОР ПО ФАКТУРА ........ 8
10. КОНТАКТ ЗА ИНФОРМАЦИИ ........ 9
11. КВАЛИТЕТ НА УСЛУГАТА ........ 9
12. ПРЕЧКИ ВО УСЛУГИТЕ ........ 9
13. ИЗМЕНА НА ТЕХНИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ........ 10
14. РАСКИНУВАЊЕ НА ОПШТИОТ ДОГОВОР ЗА ГОЛЕМОПРОДАЖНА ИЗНАЈМЕНА ЛИНИЈА ........ 11
15. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ И ДОГОВОРНИ КАЗНИ ........ 11
ПРИЛОГ 1: ДЕФИНИЦИИ ........ 13
ПРИЛОГ 2. ОПИС НА ГОЛЕМОПРОДАЖНАТА УСЛУГА ЗА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ ........ 16
ПРИЛОГ 3: ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊА ........ 18
ПРИЛОГ 4: БАРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗАВРШНИ СЕГМЕНТИ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ ........ 19
ПРИЛОГ 5: БАРАЊЕ ЗА ИНТЕРКОНЕКЦИСКИ ЛИНК ЗА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ ........ 20
ПРИЛОГ 6: КОНТАКТ ПОДАТОЦИ НА МКТ ........ 21
ПРИЛОГ 7: ЦЕНИ ЗА УСЛУГАТА ЗА ГОЛЕМОПРОДАЖНИ ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ ........ 22
ПРИЛОГ 8:ПРИЈАВА И ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПРЕЧКИ ........ 24
ДОДАТОК НА ПРИЛОГОТ 8: ПРИЈАВА НА ПРЕЧКИ / ИЗВЕШТАЈ ОД ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПРЕЧКА ........ 25

# 1. ПРЕДМЕТ НА ПОНУДАТА

Согласно релевантните законски прописи Македонски Телеком АД Скопје (во понатамошниот текст: МКТ) ја подготви оваа понуда со која се утврдуваат условите и цените на услуги за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии, со што ќе се овозможи нивно користење од страна на други оператори.

Според Член 81, 82 и 84 став (3), од Законот за електронски комуникации, МКТ е дефиниран како оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо – Пазар бр.9 Терминирани сегменти на изнајмени линии и како таков треба да достави Понуда за големопродажна услуга за терминирани сегменти на дигитална изнајмена линија до Агенцијата за електронски комуникации на одобрување.

Спецификација и технички карактеристики на услугата за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии, е дадена во Прилог 2. како составен дел на оваа Понуда.

МКТ ја нуди услугата за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии во рамки на своите постоечки слободни телекомуникациски капацитети. Во таа смисла МКТ не е должен да ги менува постоечките телекомуникациски капацитети и/или да гради дополнителни или да вложува во нови телекомуникациски капацитети со цел обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии на барање на Барателот. Доколку се достави барање до МКТ за кое нема постоечки слободни телекомуникациски капацитети, а Барателот инсистира на реализирање на барањето, МКТ може да разгледа барањето при што операторот корисник ќе биде обврзан да плати надоместок за покривање на соодветните трошоци за дополнителната инвестиција, во кој ќе се вклучи и разумна стапка на поврат на капиталот.

МКТ овозможува и останати големопродажни услуги за обезбедување на дигитална изнајмена линија кои се предмет на комерцијален договор помеѓу МКТ и Партнерот.

# 2. ГЕОГРАФСКИ МОДЕЛ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ГОЛЕМОПРОДАЖНА УСЛУГА ЗА ИЗНАЈМЕНА ЛИНИЈА

## 2.1 Географски зони

Географските зони за Големопродажна услуга за изнајмена линија се дефинирани на следниот начин:

- Географските зони надвор од Скопје се исти со нумерациските географски подрачја
- Географското подрачје на Скопје е поделено на 4 Географски зони согласно Слика 1




Слика 1. Географски зони за Големопродажна услуга за изнајмена линија во Скопје

## 2.2 Локации на Точки на присуство на МКТ за потребите на Големопродажна услуга за изнајмена линија

Македонски Телеком АД - Скопје има Точки на присуство за Големопродажна услуга за изнајмена линија во секоја географска зона.

| **Географски локации на Точки на присуство на Македонски Телеком АД** | | |
|---|---|---|
| Град | Адреса на телекомуникацискиот центар | |
| Куманово | 11-ти Октомври бб | |
| Штип | Кузман Јосифовски – Питу бб | |
| Кочани | Маршал Тито бб | |
| Струмица | Маршал Тито бб | |
| Велес | Благој Ѓорев 1 | |
| Тетово | Илинденска бб | |
| Гостивар | Илинденска 35 | |
| Кичево | Маршал Тито бб | |
| Охрид | Македонски просветители бб | |
| Битола | Рузвелтова бб | |
| Прилеп | Ѓорче Петров бб | |
| Скопје | Орце Николов бб | |
| Скопје Н.Лисиче | Видое Смилески – Бато бб | |
| Скопје Карпош | Никола Русински бб | |
| Скопје Чаир | Кемал Сејфула бб | |

## 3. БАРАЊЕ ЗА УСЛУГА ЗА ЗАВРШНИ СЕГМЕНТИ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

Барање за обезбедување на услугата завршни сегменти на изнајмени линии (во понатамошниот текст: Барање) Барателот го поднесува до МКТ со образец утврден во Прилогот 4. на оваа Понуда. Барателот треба да го достави барањето до МКТ само во печатена или во печатена и во електронска форма на поштенските и e-mail адреси наведени во Прилогот 6 (Контакт податоци на МКТ) најкасно до 14 часот во работни денови.
Во случај на поднесување на некомплетно барање, МКТ ќе побара Барателот да го комплетира барањето. За датум на поднесување на комплетно барање се смета датумот кога барањето со вклучени целосно комплетираните податоци се добиени во МКТ.

Во рок од 10 дена од датум на прием на комплетното Барање, МКТ ќе го извести Барателот за постоење на услови за обезбедување на бараните завршни сегменти на изнајмени линии наведени во Барањето. Условите кои мора да бидат исполнети за обезбедување на бараните

завршни сегменти на изнајмена линија се дефинирани во следниот член 3.1.

Ако Барањето не е можно да се реализира, МКТ на писмено ќе го извести Барателот за причините на таа неможност најдоцна во рок од 10 дена од примање на комплетно Барање.

Барателот има право во рок од 10 дена од приемот на известувањето за причините за непостоење на услови да побара од Агенцијата за електронски комуникации да ја испита основаноста на известувањето.

### 3.1 Услови за обезбедување на завршни сегменти на изнајмена линија

Условите за обезбедување на завршни сегменти на изнајмена линија на оваа Понуда подразбираат:

- Постоење на слободни капацитети во пристапната мрежа на МКТ, , во зависност од типот и релацијата на завршните сегменти на изнајмената линија;
- Исполнување на условите од страна на Барателот за обезбедување, работа и одржување на завршните сегменти на изнајмени линии (услови на околината, соодветна претплатничка инсталација, и сл.) утврдени во Прилог 2. од оваа Понуда.

### 3.2 Одбивање на барањата за обезбедување на услуга завршни сегменти на изнајмени линии

МКТ има право да го одбие барањето и/или да се откаже од давање на услугата за завршни сегменти на изнајмена линија на Барателот во следните случаи:

1. Ако барањето не е поднесено во согласност со оваа понуда.
2. Ако на побараната локација не се исполнети условите од член 3.1 на оваа понуда.
3. Ако во моментот на поднесување на барањето Барателот има неисполнети договорни обврски кон МКТ за користење на услуги, а истите не се подмирени по претходно известување од МКТ
4. Ако против Барателот е покрената стечајна, или.
5. Ако Барателот не обезбеди банкарска гаранција.

## 4. СКЛУЧУВАЊЕ НА ОПШТ ДОГОВОР ЗА ГОЛЕМОПРОДАЖНИ ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

Општ договор за Големопродажни изнајмени линии ќе биде склучен според оваа Понуда, како и сите нејзини прилози кои се составен дел од неа. МКТ и Барателот склучуваат индивидуални договори за користење на завршни сегменти на изнајмени линии кои се составен дел на Општиот договор за големопродажни изнајмени линии, согласно одребите на оваа Понуда.

Барателот треба да биде нотифициран во Агенцијата за електронски комуникации за обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги, што е предуслов за да се разгледа барањето за услуга за завршни сегменти на изнајмени линии.

Оваа Понуда ги содржи основните параметри на квалитет на услугата за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии.

Општ договор за Големопродажни изнајмени линии ќе биде склучен во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на Барање за обезбедување на услугата завршни сегменти на изнајмени линии, освен во случаи за оправдано одбивање на Барањето опишани во претходната точка 3.

## 5. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГА ЗА ЗАВРШНИ СЕГМЕНТИ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

Доколку се исполнети условите од член 3.1 на оваа Понуда МКТ ќе го прифати Барањето на Барателот за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии и ќе подготви и достави до Барателот предлог на индивидуален договор за завршни сегменти на изнајмени линии. МКТ го задржува правото да не ги приклучи завршните сегменти на изнајмена линија доколку Барателот не го потпише односно одбие да го потпише Индивидуалниот договор за завршни сегменти на изнајмени линии.

При реализација на услугата за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии МКТ ќе го почитува редоследот на склучени договори.

Услугата за обезбедување на завршни сегменти на изнајмена линија со брзина од 64 kbit/s, ќе ја обезбеди во рок од 18 дена од денот на склучување на Индивидуалниот договор за завршни

сегменти на изнајмени линии.
Услугата за обезбедување на завршни сегменти на изнајмена линија со брзина од 2 Mbit/s структурираназо рок од 33 дена од денот на склучување на Индивидуалниот договор за завршни сегменти на изнајмени линии.

Услугата за обезбедување на завршни сегменти на изнајмена линија со брзина од 2 Mbit/s неструктурирана во рок од 30 дена од денот на склучување на Индивидуалниот договор за завршни сегменти на изнајмени линии.

Услугата за обезбедување на завршни сегменти на изнајмена линија со брзина од 34 Mbit/s неструктурирана во рок од 52 дена од денот на склучување на Индивидуалниот договор за завршни сегменти на изнајмени линии.

Услугата за обезбедување на завршни сегменти на изнајмена линија со брзина од 155 Mbit/s неструктурирана во рок од 60 дена од денот на склучување на Индивидуалниот договор за завршни сегменти на изнајмени линии.

Во роковите за обезбедување наведени во претходните ставови на овој член не се смета времето потребно на телата на државната управа за издавање на соодветни дозволи и согласности потребни за реализација на обезбедување на бараните завршни сегменти на изнајмена линија согласно важечките законски прописи.

Спецификацијата на завршни сегменти на изнајмена линија кои МКТ ги дава на Барателот на користење врз основа на склучениот индивидуален договор за завршни сегменти на изнајмена линија ќе биде составен дел од тој договор.

За време на траењето на индивидуален договор за завршни сегменти на изнајмена линија, Партнерот може да побара од МКТ нови капацитети и/или промена на преносните брзини на веќе постоечките капацитети кои ги користи врз основа на тој договор, со поднесување на ново Барање до МКТ согласно условите дефинирани со оваа Понуда. Исто така, под истите услови Барателот е должен да поднесе посебно Барање за секоја локација на која Барателот има намера да воспостави завршни сегменти на изнајмена линија.

Во случај да МКТ го прифати Барањето за нови капацитети и/или промена на преносните брзини на веќе постоечките капацитети кои се користат врз основа на веќе склучениот индивидуален договор за завршни сегменти на изнајмена линија, датата на писменото известување на МКТ за прифаќање на Барањето се смета за ден на прифаќање на измените и дополнувањата на индивидуалниот договор за завршни сегменти на изнајмена линија во поглед на нови капацитети, односно на промена на преносните брзини на веќе постоечките капацитети. Во тој случај МКТ ќе ја обнови спецификацијата за завршни сегменти на изнајмена линија која е приложена кон индивидуален договор за завршни сегменти на изнајмена линија и ќе му го достави на Барателот (известување).

По прифаќање на барањето од Барателот услугата за завршни сегменти на изнајмена линија, МКТ ќе ги приклучи завршните сегменти на изнајмена линија на локацијата за приклучок одредена со договорот. За таа цел МКТ ќе му инсталира на Барателот опрема за обезбедување на услугата на која се спојува со опремата во сопственост на Барателот.

На локацијата за приклучок одредена со Индивидуалниот договор за завршни сегменти на изнајмена линија, Партнерот е должен на свој трошок да осигура и одговара за користење на простор за обезбедување и инсталација на телекомуникациските капацитети, соодветна терминална опрема, напојување потребно за нејзината инсталација, работа и одржување, по потреба израмнување на потенцијалите вклучувајќи заземјување согласно важечките прописи, како и соодветна претплатничка инсталација од местото на телекомуникациската приклучна точка. Терминалната опрема и претплатничката инсталација мора да бидат во склад со важечките технички прописи и домашните национални стандарди. Описот на овие услови ќе биде составен дел од Општиот договор за големопродажни изнајмени линии.

Барателот на свој трошок ќе му овозможи на МКТ пристап до објектот на локацијата на обезбедување во мерка во која е тоа потребно за спроведување на работи на испитување, инсталирање и одржување на услугата за завршни сегменти на изнајмена линија. Пред обезбедувањето на услугата за завршни сегменти на изнајмена линија, овластениот работник на МКТ ќе изврши преглед на терминалната опрема и ќе утврди дали ги задоволува условите утврдени со оваа Понуда во рокот предвиден за поднесување на одговор за техничка можност за обезбедување на услугата за завршни сегменти на изнајмена линија.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ

Зависно од можноста на исполнување на условите од член 3.1 на оваа понуда, МКТ ќе ја овозможи дополнителна услуга - Преселба на Мрежната завршна точка од големопродажната изнајмена линија во рамки на иста локација на обезбедување (преселба), за дополнителен надомест, на барање на Барателот.
Со цел отстранување на можни неусогласености, промена на типот, видот и/или брзината на големопродажната изнајмена линија подразбира раскин на постоечкиот и склучување на нов индивидуален договор за завршни сегменти на изнајмена линија, па во таа смисла, Барањето на Партнерот за промена на типот, видот и/или брзината на веќе постоечкиот завршен сегмент на изнајмена линија ќе се смета за ново Барање согласно членот 3. на оваа Понуда.

## 7. НАДОМЕСТОЦИ, ФАКТУРИРАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ

### 7.1 Надоместоци

Месечниот надомест за услуга ќе се пресметува од страна на МКТ на месечна основа кои треба да се наплатат за дадениот месец (или да се наплатат за периодот пред дадениот месец, а се уште не се фактурирани):

МКТ наплаќа Месечни надоместоци за обезбедување на Услугата, од денот на обезбедување на истата, без оглед дали Барателот е спремен или не да започне со користење на Услугата. Износот на Месечните надоместоци е дефиниран во Прилог 7.

### 7.2 Фактурирање

Фактурите за Месечните Надоместоци се испраќаат најрано на третиот работен ден од наредниот календарски месец.

Фактурирањето и наплатата на претплатничките Надоместоци не се предмет на Општиот договор за големопродажна изнајмена линија.

Независно од Општиот договор за големопродажна изнајмена линија Партнерот сам ќе

**а)** ги одредува неговите соодветни претплатнички тарифи; и
**б)** им издаваат сметки на своите Претплатници.

### 7.3 Плаќање

#### 7.3.1 Рок на плаќање

Износите кои се должат треба да се платат во рок од 20 (дваесет) календарски денови од приемот на фактурата преку трансфер на истите на бројот на банкарската сметка назначен на фактурата. Датумот кога износот ќе биде прокнижен на банкарската сметка на МКТ ќе се смета за датум на плаќање.

#### 7.3.2 Задоцнето плаќање

Доколку Партнерот има обврска за плаќање и не го изврши плаќањето до крајниот рок за плаќање на фактурираниот износ, ќе се пресметува казнена камата за задоцнувањето, започнувајќи од првиот ден по истекот на рокот за плаќање, на заостаниот износ во согласност со одредбите од Законот за облигациони односи, пресметана во согласност со Законот за висината на стапката на казнена камата. Таквата камата ќе се наведе како посебна ставка во фактурата од следниот месец.

## 8. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

### 8.1 Обезбедување на банкарска гаранција

Предуслов за стапување во сила на Општиот договор за големопродажна изнајмена линија е обезбедување на банкарска гаранција од страна на Барателот која е безусловна, неотповиклива и може веднаш да се активира – исплатива на првично барање на МКТ, како корисник, со важност за период од 1 (една) година.
Комерцијалната банка која ќе ја обезбеди банкарската гаранција треба да биде финансиска институција која работи во согласнот со релевантните закони на РМ со седиште во Република Македонија.

Доколку нема објавено кредитен рејтинг, банкарската гаранција треба да биде издадена од следниве банки:
**а)** Комерцијална банка АД Скопје;
**б)** Тутунска банка АД Скопје;
**в)** Стопанска банка АД Скопје;
**г)** Стопанска банка АД Битола;
**д)** Охридска банка АД Охрид;

**ѓ)** Халк Банка АД Скопје
**е)** ТТК Банка АД Скопје

**8.2 Одредување на износот на банкарската гаранција**

Износот на банкарската гаранција претставува Надомест За Услуги плус ДДВ што треба да се исплати на МКТ за период од првите 4 (четири) месеци од стапувањето на сила на Општиот договор за големопродажна изнајмена линија до првото ревидирање на износот на банкарската гаранција.

**8.3 Редовно ревидирање на износот на банкарската гаранција**

Износот на банкарската гаранција треба да се ревидира од Партнерот на месечна основа почнувајќи од 3 (третиот) месец по стапувањето на сила на Општиот договор за големопродажна изнајмена линија.

**8.4 Активирање на банкарска гаранција**

МКТ може да ја активира банкарската гаранција во случај на раскинување на Општиот договор за големопродажна изнајмена линија доколку Партнерот не ги исполни обврските за плаќање поврзани со раскинување на Општиот договор за големопродажна изнајмена линија.

Во таков случај, МКТ може да ја активира банкарската гаранција и да го подигне износот на фактурите кои се доспеани а не се платени од Партнерот обврзана да обезбеди банкарска гаранција.

Доколку банкарската гаранција делумно или во целост се активира, Партнерот да обезбеди банкарска гаранција ќе ја обнови истата во рок од 15 (петнаесет) календарски денови, или ќе обезбеди нова банкарска гаранција.

## 9. ПРИГОВОР ПО ФАКТУРА

**9.1 Поднесување на приговор по фактура**

Приговор по фактура може да се поднесе само за формата на фактурата и за ставка(и) од фактурата.

Во случај ако Партнерот има некоја забелешка за форматот на поднесената фактура (датумот во насловот на фактурата, доколку фактурата не е во согласност со законот), тогаш доставува писмен приговор и ја испраќа назад оригиналната фактура на МКТ најдоцна 8 (осум) дена после денот на прием на фактурата. Во приговорот е вклучен спорниот елемент на фактурата (на пример: неточна адреса, единствен даночен број, итн.), а исто така и точни податоци.

Во случај ако Партнерот има некоја забелешка на подточките набројани во фактурата кои се однесуваат на тарифите (ставки, елементи од надоместокот, тарифна сума), тогаш треба да поднесе писмен приговор до МКТ во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на приемот на фактурата при што нема да ја врати назад оригиналната фактура до МКТ. Приговорот треба да ги содржи сите подточки што Партнерот ги смета за правилни и неправилни.

Во случај на навремено поднесен приговор согласно претходните точките од овој член, Страните ќе ја следат следнава постапка:
По приемот на приговорот МКТ почнува да ја истражува основаноста на истиот.
Ако се покаже дека приговорот е основан, тогаш МКТ ќе ја исправи првичната фактура и така корегираната фактура ќе ја достави до Партнерот, од кога почнува да тече рокот за плаќање на фактурата.
Ако се покаже дека приговорот е неоснован, МКТ за истото ќе го извести Партнерот и тогаш Партнерот е обврзан да ја исплати првичната фактура во рамките на рокот за плаќање на фактурата.

Целата постапка за решавање на приговорот мора да заврши во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на приговорот
Доколку приговорот е доставен до МКТ после истекот на 8 (осум) дена сметано од денот на приемот на фактурата, истиот ќе се отфрли како ненавремен.

Во врска со фактури кои се веќе платени, приговор за ставка(и) од фактурата не може да се поднесе после 12 (дванаесет) месеци по приемот на фактурата.

### 9.2 Обврска за плаќање во случај на приговор по фактура

Поднесениот приговор не дава право да се одбие плаќање на прифатениот дел од фактурата.

## 10. КОНТАКТ ЗА ИНФОРМАЦИИ

Контакт податоците на МКТ за прашања на Барателот поврзани со условите на обезбедување на услугите на обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии дефинирани се во Прилог 6. на оваа Понуда.
Контактното место ќе биде достапно секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот.

## 11. КВАЛИТЕТ НА УСЛУГАТА

Водејќи сметка за функционалната целина и сигурност при користење на мрежата на МКТ, а со цел обезбедување на квалитет на услугата за завршни сегменти на изнајмена линија, активностите за воспоставување, одржување и сите измени на телекомуникациски капацитети за обезбедување на завршни сегменти на изнајмена линија можат да ги извршуваат исклучиво луѓе овластени од страна на МКТ.

МКТ гарантира дека работата што ќе ја извршуваат овластените лица од страна на МКТ ќе ја извршуваат согласно предходниот став на овој член, ќе биде извршен на сигурен и темелен начин почитувајќи ги сите правила и стандарди кои важат во телекомуникациската индустрија и почитувајќи ги правните прописи што се применуваат.

МКТ не сноси одговорност за незадоволителниот квалитет на услуга за завршни сегменти на изнајмена линија ако Барателот по потпишување на Општиот договор за големопродажна изнајмена линија, спротивно на описот на Услугата, не обезбеди потребна терминална опрема и соодветна претплатничка инсталација.

МТК обезбедува технички карактеристики и квалитет на завршни сегменти на изнајмена во согласност со препораките на ITU-T односно ETSI стандардите.

Во рамката на оваа понуда МТК ќе обезбеди расположивост која се мери во периодот на следење на сите завршни сегменти на изнајмени линии од ист тип. Расположивоста се базира на период на следење на квалитативни параметри во период од една година.

Следењето на квалитетот започнува од првиот ден на следниот месец од склучување на Општиот договор за големопродажна изнајмена линија и тоа на начин:

Средно време на нерасположивост се одредува како:

Вкупно времетраење на нерасположивост (во часови) за сите изнајмени линии од ист тип
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------ x 100%
Разгледуван период (во часови) x број на изнајмени линии од ист тип

Овозможувањето на нестандардни услови на одржување на изнајмени капацитети како и посебни параметри за какви услуги може да биде предмет на засебен комерцијален договор помеѓу МКТ и Партнерот.

## 12. ПРЕЧКИ ВО УСЛУГИТЕ

Утврдувањето и отстранувањето на пречките поврзани со обезбедување на големопродажната изнајмена линија се спроведува во согласност со условите дадени во Прилог 8. (Пријава и отстранување на пречки) од оваа Понуда на МКТ.

За потребите за спроведување на постапката за пријавување и отстранување на пречка, Партнерот е должен да именува одговорно контакт лице и за тоа МКТ да го извести по писмен

пат.

МКТ и Партнерот ќе бидат одговорни за своите капацитети и опрема како и функционирање на услугите во состав на својот систем и се должни да превземат оправдани и неопходни чекори во оперативните постапки обезбедувајќи системот да:

- не ја загрозува сигурноста и здравјето на вработените или крајните корисници на другата страна или оние на трети страни,
- не го оштетува, не пречи и не предизвикува пад на квалитетот во работа на системот на другата и третата страна.

МКТ не одговара за било каква штета настаната заради неправилно функционирање на системот на Партнерот и/или опрема во сопственост на Партнерот, како и за било која штета за која е одговорен Партнерот и/или третата страна.

Партнерот е должен своите крајни корисници навремено да ги извести за можните пречки поврзани со обезбедување на услугата завршни сегменти на изнајмени линии а кои можат да влијаат на обезбедување на одредени услуги.

Техничкото одржување на големопродажните изнајмени линии и евентуалните измени на нивните поставки (замена на неисправни делови или комплетна замена на опремата во случај на дефект) го извршува исклучително МКТ. Во техничкото одржување не се вклучени работата и резервните делови кои МКТ посебно ќе ги пресмета ако условите за работа на терминалната опрема не одговараат на оние пропишаните од страна на производувачот (лош квалитет на ел. енергија, несоодветни температурни услови и сл.), односно ако дефектот настанал како резултат на неовластено ракување со терминалната опрема во сопственот на МКТ од страна на Партнерот или трети лица.

Партнерот се обврзува да не ја отвара, оштетува ниту на било кој начин менува терминалната опрема која е сопственост на МКТ, како и да не ја преместува од локацијата на обезбедување за која е наменета. По прекин на Индивидуалниот договор за користење на завршни сегменти на изнајмена линија од било која причина, Партнерот е должен на МКТ да му обезбеди враќање на опрема во сопственост на МКТ во исправна состојба во рок од 15 дена од прекин на договорот. Во спротивно, Партнерот е должен на МКТ да му ја надомести вкупната штета која би можела при тоа да настане.
Партнерот одговара за севкупнаташтета настаната заради неправилно, односно неовластено користење или злоупотреба на опремата во сопственост на МКТ која се случи при негова намера или крајна невнимателност. Партнерот се обврзува веднаш да го извести МКТ за секој недостаток, оштетување, губиток или кражба на опремата.

Во случај на планиран прекин на работа на мрежата на МКТ, МКТ на соодветен начин за истото ќе го извести Партнерот најмалку 3 (три) работни дена пред планираниот прекин на работа на мрежата. МКТ по потреба ќе извршува и интервентните работи на мрежата за што навремено ќе го извести Партнерот.

МКТ му одговара на Партнерот за реалната штета која би настанала при прекин или пречки во работата на изнајмените завршни сегменти на изнајмена линија од причини за кои исклучиво е одговорен МКТ согласно применливите прописи. Одговорноста на МКТ за незначителна штета, вклучувајќи пропуштена добивка, индиректна и/или пропратна штета од било кој вид е исклучена.

МКТ ќе планира и изведува работи на начин и во време со минимално влијание на услугите на Партнерот, МКТ е обврзан да побара претходна согласност за изведување на наведените работи од Партнерот. Врз основа на пишано барање, а најдоцна во рок од 2 (два) работни дена од примање на барањето, Партнерот ќе издаде одобрување за изведување на планираните работи.

## 13. ИЗМЕНА НА ТЕХНИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ

МКТ го задржува правото на измени во техничките параметри на големопродажната изнајмена линија предизвикани од развојот, реконфигурација или развој на мрежата на МКТ, меѓународните стандарди и препораките и/или важечките прописи на Република Македонија.

МКТ во писмена форма ќе го извести Партнерот за измените во мрежата на МКТ кои би можеле да имаат влијание на функционирање на услугата завршни сегменти на изнајмена линија утврдено со Општиот договор за големопродажна изнајмена линија, најмалку 12 месеци пред спроведување на овие измени. Оваа одредба не се применува во случај на претходен заеднички

договор помеѓу МКТ и Партнерот, зафат со ограничено значење, делување на виша сила или одлука на надлежно регулаторно тело.

## 14. РАСКИНУВАЊЕ НА ОПШТИОТ ДОГОВОР ЗА ГОЛЕМОПРОДАЖНА ИЗНАЈМЕНА ЛИНИЈА

### 14.1 Начини на раскинување

Општиот Договор за големопродажна изнајмена линија може да се раскине на следните начини:

**а)** по пат на редовно раскинување, на датумот на истекот на периодот наведен во известувањето за раскинување;
**б)** по пат на вонредно раскинување кое стапува на сила веднаш;
**в)** по пат на меѓусебна спогодба;
**г)** по истекот на дефинираната важност, освен ако Страните не се договорат поинаку;
**д)** по пат на ликвидирање на било која Страна без правен наследник;
**е)** доколку МКТ не е повеќе оператор со значителна пазарна моќ на пазарот за изнајмени линии и било која Страна не сака да го одржи Општиот договор за големопродажна изнајмена линија во форма изменета и дополнета согласно оваа понуда;
**ж)** во случај на виша сила во траење од повеќе од 3 (три) месеци.

### 14.2 Редовно раскинување

Општиот оговор за големопродажна изнајмена линија може да се раскине по пат на писмено известување доставено до другата Страна.

### 14.3 Вонредно раскинување

Општиот договор за големопродажна изнајмена линија може да го раскине било која Страна по пат на вонредно раскинување во следните случаи:
**а)** постапка за ликвидација или стечај е започната против другата Страна; или
**б)** другата Страна повеќе нема (го губи) право за користење на Електронска Комуникациска Мрежа; или
**в)** другата Страна не ја исполнила својата обврска за плаќање која произлегува од Општиот договор за големопродажна изнајмена линија и засегнатата Страна побарала Страната која направила прекршок да престане со прекршувањето на договорот во рок од 30 (триесет) календарски денови, со потсетување на правните последици, и другата Страна не го направила истото; или
**г)** во тек на ревидирање или обновување на банкарската гаранција се утврди дека Партнерот треба да го измени или обнови износот на банкарката гаранција и Партнерот не ја исполни својата обврска да ја измени или обнови банкарската гаранција во период од 30 (триесет) календарски денови од дадениот краен рок.

### 14.4 Меѓусебна спогодба

Страните можат во било кое време да го раскинат Општиот договор за големопродажна изнајмена линија со меѓусебна спогодба во писмена форма.

## 15. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ И ДОГОВОРНИ КАЗНИ

Општиот договор за големопродажна изнајмена линија треба да содржи одредби за договорна казна во случај кога МКТ не се придржува кон предвидените рокови за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии дефинирани во Член 4 од оваа понуда. Договорната казна треба да ја покрие штетата што му е нанесена на Операторот-Корисник предизвикана од задоцнетата реализација на услугите. Оваа одредба не важи доколку МКТ утврди дека не се исполнети техничките услови за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии и во рок од 10 (десет) дена од приемот на Барањето за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии писмено го известила Барателот за причините за одбивање на Барањето.

Општиот договор за големопродажна изнајмена линија треба да содржи одредби за договорна казна во случај кога Партнерот не се придржува кон договорните услови дефинирани во Општиот договор за големопродажна изнајмена линија. Договорната казна не може да изнесува помалку од плаќањето на сите предвидени надоместоци во склучениот Договорот за период на траењето на самиот Договор.

Општиот договор за големопродажна изнајмена линија треба да содржи одредби за договорна казна во случај кога Партнерот се откажал од Барање за одреден завршен сегмент на изнајмена

линија во времето на имплементацијата на барањето. Договорната казна не може да изнесува помалку од плаќањето на сите направени трошоци од страна на МКТ за имплементацијата на Барањето.

Општиот договор за големопродажна изнајмена линија треба да содржи одредби за договорна казна во случај кога Партнерот го откажал предвреме склучениот Индивидуален договор големопродажна изнајмена линија за времетраење од една година. Договорната казна е наплаќање на Еднократен надомест за Услуга за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии.

## ПРИЛОГ 1: ДЕФИНИЦИИ

**Општ договор за големопродажни изнајмени линии** значи договор потпишан од Страните, кој ги вклучува задолжителните елементи од содржината на Понудата за големопродажни изнајмени линии дефинирани во Законот за Електронските Комуникации (ЗЕК), и Правилникот за обезбедување на завршни и/или преносни сегменти на изнајмени линии и неопходните услови потребни за нивна имплементација, кои ќе бидат взаемно применети од Страните.

**Индивидуален договор за завршни сегменти на изнајмена линија** е договор склучен помеѓу Страните за користење на поединечен завршен сегмент на изнајмени линии во кој се содржат условите за користење на истиот.

**Македонски Телеком АД - Скопје” или МКТ** значи Акционерско Друштво за електронски комуникации „Македонски Телеком” (Скопје, Кеј 13 Ноември бр.6).

**Партнер** е оператор на јавна комуникациска мрежа или давател на јавна комуникациска услуга во согласност со Законот за електронските комуникации и Правилникот за обезбедување на завршни и/или преносни сегменти на изнајмени линии.

**Барател** е оператор на јавна комуникациска мрежа или давател на јавна комуникациска услуга кој бара Големопродажна услуга за изнајмена линија од МКТ.

**Страна** значи или Македонски Телеком АД или Партнерот, во зависност од контекстот „**Страни**” значи Македонски Телеком АД и Партнерот заедно.

**Електронска комуникациска мрежа** значи преносен систем и таму каде што е применливо и комутациска или насочувачка опрема и други средства вклучително мрежни елементи што не се активни, а кои што овозможуваат пренос на сигнали преку жичени, радиобранови, оптички или други електромагнетни средства, вклучувајќи сателитски мрежи, фиксни (со комутација на кола или комутација на пакети, вклучувајќи и Интернет) и мобилни земски мрежи, електроенергетски кабелски системи, доколку се користат за пренос на комуникациски сигнали, радиодифузни мрежи и кабелски телевизиски мрежи, независно од видот на информациите што се пренесуваат.

**Јавна електронска комуникациска мрежа** е електронска комуникациска мрежа која целосно или поголемиот дел од неа се користи за обезбедување на електронски комуникациски услуги достапни на јавноста и кои го поддржуваат преносот на информации меѓу мрежни завршни точки;Мрежа значи Фиксна Мрежа на Македонски Телеком АД и Јавна Комуникациска Мрежа на Партнерот.

**Географска зона** значи географски дефинирано подрачје во согласност со Прилог 2.А на МАТЕРИО (Регионални и Основни Зони на Македонски Телеком АД). Македонски Телеком АД има определено Точка На Присуство На Македонски Телеком АД во секоја Основна Зона.

**Точка на присуство** значи Точка на присуство на партнерот или Точка на присуство на Македонски Телеком АД.

**Географска локација на точка на присуство** значи адресата која ја одредува физичката локација на Точката на присуство.

**Точка на присуство на партнерот** значи приклучна точка на мрежата на Партнерот определена за Пристап, која Партнерот ќе ја поврзе со соодветната Интерконекциска точка за изнајмени линии.

**Точка на присуство на Македонски Телеком АД** значи Точка На Присуство На Македонски Телеком АД.

**Мрежна завршна точка**.е физичка точка на која претплатникот има пристап до јавна комуникациска мрежа. Кога мрежите вклучуваат комутација или насочување, мрежната завршна точка се идентификува со посебна мрежна адреса, што се однесува на претплатнички број или име;

**Интерконекциска точка за изнајмени линии или Интерконекциска точка** значи точка на мрежата која се користи за физичко и логично поврзување на друга мрежа, за да и се овозможат на Партнерот услугите кои се обезбедени на мрежата.

**Услуга** значи Услуга која МКТ и ја обезбедува на другата Страна и која може да припаѓа на една од следните категории:

а) Завршен сегмент на изнајмена линија ;
б) Услуга за интерконекциски линк за изнајмени линии

**Барање** значи Барање за завршни сегменти на изнајмена линија доставено од Партнерот во согласност со релевантните одредби од Општиот договор за големопродажни изнајмени линии.

**Време на прекин на услуга** значи времетраење помеѓу препознавањето (известувањето) на грешката до моментот на повторно воспоставување на услугата.

**Годишно време на прекин на услуга** значи севкупното годишно Време На Прекин На Услугата како резултат на поединечните прекини на услугата во една календарска година.

**Годишна достапност** значи однос на оперативниот дел од одреден севкупен годишен период (нормална работна состојба) применет на целата календарска година. Периодите на прекин кои настануваат како резултат на Планирано Одржување не се земаат во предвид во вредноста на Годишна Достапност.

**Достапност** значи времето кога услугата е оперативна во согласност со основните принципи дефинирани во ITU-T Препораката E.800. По 10 (десет) последователни Секунди Со Повеќекратни Грешки започнува период на прекин на работењето. Овие 10 (десет) секунди припаѓаат на неоперативниот период. После 10 (десет) последователни Секунди Без Повеќекратни Грешки започнува оперативниот период.

**Време на отстранување на грешка** значи време помеѓу препознавање на грешката од страна на МКТ и повторното воспоставување на Услугата. Партнерот може да доставува извештаи за пречки во работно време од 8:00 до 16:00 часот секој работен ден.

**Планирано одржување** значи во согласност со ITU-T Препораката E.800 точка 5504 привремен прекин на Услугата со цел одржување, обновување, замена на софтвер, проширување или кои било други слични активности, од напред испланирани и координирани со другата Страна.

**Еднократен надомест** значи надомест кој Партнерот треба да му го плати на МКТ со првата употреба на дадената Услуга.

**Месечен надомест** значи надомест кој Партнерот треба да му го плаќа редовно на МКТ за користење на дадената Услуга.

**Надомест за услуга** значи надомест кој Партнерот треба да му го плати на МКТ во дадениот месец како Еднократните Надоместоци и Месечните Надоместоци кои се применуваат за Услугите кои ги користела Страната Барател во дадениот месец или пред дадениот месец, но кои сеуште не се фактурирани (вклучувајќи го збирот на износите на ДДВ).

**Компензација** значи порамнување на меѓусебните побарувања и обврски помеѓу Страните во дадено време, без разлика дали ваквите побарувања и обврски биле заостанати во времето на компензацијата.

**Агенција за електронски комуникации** значи независно регулаторно тело основано според Законот За Електронски Комуникации.

Времетраење наведено во форма на даден број на **"денови"** значи календарски денови класифицирани како работни денови според македонската регулатива.

Времетраења наведени како даден број на „**недели**", „**месеци**" или „**години**" се толкуваат како календарски недели, месеци или години, освен доколку дадениот контекст не наведува поинаку.

Кога во контекстот се бара месецот да се толкува како времетраење, тогаш времетраењето ќе започне на денот кој следи по референтниот датум на времетраењето, и

**а)** ќе трае до денот во следниот месец кој е ист со денот на референтниот датум, или доколку нема таков датум во наредниот месец, тогаш

**б)** ќе трае до последниот ден од наредниот месец.

Каде што во контекстот се бара, зборовите во еднина можат да имаат значење и на множина и обратно.

**Изнајмена линија** е електронско комуникациско средство што му овозможува на Партнерот транспарентно преносно поврзување меѓу мрежни приклучни точки без можност за автоматско рутирање и комутација од страна на Партнерот, како дел од можностите на изнајмени линии.

**Големопродажна услуга за изнајмена линија** е електронска комуникациска услуга со која меѓусебно се поврзуваат Мрежна завршна точка со Интерконекциската точка од страна на МКТ за Партнерот со цел овозможување електронска комуникациска услуга и истата се наплаќа. Оваа услуга во себе ги содржи Услуга за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии и Услуга за интерконекциски линк за изнајмени линии.

**Услуга за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии** е наменета за поврзување на Мрежната завршна точка на МКТ со Точка на присуство на МКТ, а го вклучува Завршниот сегмент на изнајмената линија. Истата изршува пренос на податоци од секоја Мрежната завршна точка до Точка на присуство на МКТ, а со тоа големопродажниот Партнер ќе може да го управува преносот на податоци и да определи какви услуги ќе добива неговиот краен корисник како и за свои потреби.

**Завршен сегмент** на изнајмена линија е делот на изнајмената линија што ги поврзува Мрежната Завршна Точка и Точка на присуство на МКТ (изводот на скелетната мрежа на изнајмени линии).

**Преносен сегмент** на изнајмена линија е делот на изнајмената линија што ги поврзува двата извода на скелетната мрежа на изнајмени линии и се обезбедува на комерцијална основа.

**Услуга за интерконекциски линк за изнајмени линии** е услуга која ја обезбедува МКТ на Партнерот и ги поврзува Интерконекциската точка за изнајмени линии со Точката на присуство на МКТ.

## ПРИЛОГ 2. ОПИС НА ГОЛЕМОПРОДАЖНАТА УСЛУГА ЗА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

Услуга за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии е наменета за поврзување на Мрежната завршна точка на МКТ со Точка на присуство на МКТ на страната на Партнерот, а го вклучува Завршниот сегмент на изнајмената линија.

Големопродажната услуга за изнајмени линии се однесува на системот кој обезбедува поврзување на Интерконекциската точка за изнајмени линии со соодветните Мрежни завршни точки, а во себе ги содржи завршните сегменти на изнајмени линии како и Интерконекцискиот линк за изнајмени линии.

Услуга за интерконекциски линк за изнајмени линии е услуга која ја обезбедува МКТ за Партнерот, а ги поврзува Интерконекциската точка за изнајмени линии со Точката на присуство на МКТ.

## ДЕТАЛЕН ОПИС НА ГОЛЕМОПРОДАЖНАТА УСЛУГА ЗА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

Големопродажната услуга за изнајмени линии се содржи од завршен сегмент или интерконекциски линк за изнајмени линии:




Слика 1 Структура на изнајмени линии

### Техничка спецификација на Услугата за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии

Технички карактеристики на Дигитални завршни сегменти на изнајмени линии кои се предмет на оваа Понуда:

| **Дигитални изнајмени линии** | |
|---|---|
| **Тип на изнајмена линија** | **ETSI препорака** |
| 64 kbit/s | ETS 300 289<br>ETS 300 288 |
| 2048 kbit/s – E1(неструктурирано) | ETSI EN 300 418<br>ETSI EN 300 247 |
| 2048 kbit/s – E1(структурирано) | ETSI EN 300 418<br>ETSI EN 300 247 |
| 34 Mbit/s | ETSI EN 300 686<br>ETSI EN 300 687 |

| | |
|---|---|
| | ETSI EN 300 689 |
| 155 Mbit/s | ETSI EN 301 164<br>ETSI EN 301 165 |

**Обврски на Партнерот за терминалната опрема на Мрежната завршна точка**

Партнерот е должен да ги обезбеди во целост експлоатационите услови за користење на терминална опремата која ја инсталира МКТ на Мрежната завршна точка, како што се:
- Максимален дозволен опсег на варирање на мрежниот напон од 187 V до 242 V;
- Приклучок на заземјување со отпорност помала од 0,5Ω.
-Приклучок на напојување со напони:
-фаза - нула = 220 V
-фаза - заземјување = 220 V
-нула - заземјување = 0 V
- Работна температура (+5 - +45C°) и релативна влажност (5 – 85%);

Партнерот е должен совесно и со внимание на добар домаќин да ја чува опремата и истата треба да биде сместена во простор во која има доволна циркулација на воздух.
Партнерот се обврзува да не ја поправа или ракува со опремата на начин кој би довел до нејзино оштетување.
Во случај на штета настаната како резултат на несоодветно чување на опремата, настанатата штета ја надоместува Партнерот.

**Параметри на Изнајмените Линии**

Големопродажната услуга за изнајмени линии обезбедува транспарентен пренос на говор, податоци, видео и различни мултимедијални апликации без оглед на употребата на мрежата помеѓу Мрежните завршни точки и Интерконекциската точка за изнајмени линии на Партнерот.

Големопродажната услуга за изнајмени линии може да биде побарана за Мрежни завршни точки на територија на Република Македонија со користење на тековните мрежни ресурси на МКТ за потребите на Партнерот и неговите крајни корисници.

Партнерот мора да ја користи Големопродажната услуга за изнајмени линии според нејзината намена.

**Параметри на квалитет**

| **Параметар за квалитет** | **Стандардно ниво** |
|---|---|
| Време на Преглед | 10 дена |
| Време На Отстранување На Грешка | 48 часа |
| Време На Дисконекција | 1 месец |

**Цени, Фактурирање**

Големопродажната услуга за изнајмени линии е обезбедена од МКТ, а ја користи Партнерот.

Партнерот плаќа за Големопродажната услуга за изнајмени линии надоместоци дефинирани во Прилог 7, според фактурата изработена од МКТ.

**Управување**

Страните не си обезбедуваат пристап на сопствените функции на мрежно управување.

**Интерконекциски линк за изнајмени линии**

Партнерот одбира каде сака да се постави Интерконекцискиот линк и во која негова Точка на присуство ќе му биде пренесен сообраќајот од дигиталните изнајмени линии, доколку постои техничка можност за изведба. Интерконекцискиот линк претставува терминиран сегмент со

повисоки брзини.

**ПРИЛОГ 3: ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊА**

| **Начин на достава** | **Услов за да се смета за доставено** | **Датум на достава** |
|---|---|---|
| Курир | Потпис на потврдата за прием | Датум на испраќање доколку е доставено до 14 часот, т.е. денот по денот на испраќање доколку е доставено по 14 часот |
| Препорачано писмо | - | Третиот ден од денот на кој е испратено писмото |
| Препорачано писмо со потврда за прием | - | Датумот на прием назначен на потврдата за прием |
| | | |
| | | |
| Електронска пошта | Страната која испраќа да добие одговор со неизменета содржина на пораката во своето електронско поштенско сандаче | Еден ден по датумот на испраќање на пораката |

## ПРИЛОГ 4: БАРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗАВРШНИ СЕГМЕНТИ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Архивски број | | Датум на барање | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ | | | |
| Назив | | | |
| ЕДБ | | Конто | |
| Архивски број на Барател | | Датум на барање на Барател | |
| Број на општ договор | | Датум на општ договор | |
| Контакт лице | | | |
| Телефон/Факс | | | |
| e-mail | | | |

| | |
|---|---|
| 2. ПОДАТОЦИ ЗА ЛИНИЈАТА | |
| Капацитет на Изнајмената линија | |
| Број на линии | |
| Интерфејс/Технологија | |
| Времетраење на договор | |

| | |
|---|---|
| 3. ПОДАТОЦИ ЗА ЛОКАЦИИТЕ НА ПОВРЗУВАЊЕ | |
| ТОЧКА А | |
| Адреса | |
| Контакт лице | |
| ТОЧКА Б | |
| Адреса | |
| Контакт лице | |
| Забелешка | |

# ПРИЛОГ 5: БАРАЊЕ ЗА ИНТЕРКОНЕКЦИСКИ ЛИНК ЗА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

Доставено од ______________________________ (Партнер)
На: ______________________ (датум)

Референтен број на МКТ: _______________

| Реден Број | Точка на присуство на МКТ | Точка на присуство на Барателот | Интерконекциска точка за изнајмени линии | Постоечки Интерконекциски линк за изнајмени линии | Промена на Интерконекциски линк за изнајмени линии ) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |

## ПРИЛОГ 6: КОНТАКТ ПОДАТОЦИ НА МКТ

Сите барања за добивање на информации во врска со ова Понуда на МКТ се доставуваат во писмена форма на адресата на МКТ:

Македонски Телеком АД Скопје
Сектор за регулативни и големопродажни прашања
e-mail: dcbc@telekom.mk
тел: ++389 2 3242856
Кеј 13 Ноември, бр.6
1000 Скопје

## ПРИЛОГ 7: ЦЕНИ ЗА УСЛУГАТА ЗА ГОЛЕМОПРОДАЖНИ ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

### Надоместоци применливи за Услуга за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии

### Еднократни Надоместоци

Еднократниот надомест за Услуга за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии се наплаќа само во случај на Индивидуален договор за Услуга за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии на неопределено време.

| Капацитет | Еднократен надомест (МКД) |
|---|---:|
| 64kbit | 33.170,00 |
| 2Mbit | 68.054,00 |
| 34Mbit | 173.257,00 |
| 155Mbit | 192.413,00 |

### Месечни Надоместоци

Месечните надоместоци за Услуга за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии се базирани на трошоци и определени од Агенцијата за електронски комуникации во Финалниот документ за моделот Изнајмени линии (каде е вклучен и описот на трошоците за мрежните компоненти) од 16 Октомври 2012 година. Овие месечни надоместоци важат за Индивидуален договор за обезбедување на завршни сегменти на изнајмени линии за време од една година или за неопределено време.

Месечните надоместоци се однесуваат на воздушното растојание на крајните точки на терминираните сегменти.

Вкупниот месечен надоместок за еден терминиран сегмент се пресметува на следниот начин: Месечен надомест за граничната должина на сегментот **+** должина на сегментот **x** инкрементален трошок за граничната должина на сегментот.

| Дигитална изнајмена линија, терминиран сегмент, надоместоци | МКД |
|---|---:|
| 64 kbit терминиран сегмент на изнајмена линија - 300 m | 2.583 |
| 64 kbit терминиран сегмент на изнајмена линија - 3 km | 2.539 |
| 64 kbit терминиран сегмент на изнајмена линија - 3 km наголемување од 100 m | 11 |
| 64 kbit изнај. линија терминиран сегмент - >(поголема од) 3 km | 2.546 |
| 64 kbit изнај. линија терминиран сегмент >(поголема од) 3 km инкремент 1 km | 91 |
| 2 Mbit терминиран сегмент на изнајмена линија - 300 m | 10.015 |
| 2 Mbit терминиран сегмент на изнајмена линија - 3 km | 9.930 |
| 2 Mbit терминиран сегмент на изнајмена линија - 3 km наголемување од 100 m | 22 |
| 2 Mbit изнај. линија терминиран сегмент - >(поголема од) 3 km | 10.175 |
| 2 Mbit изнај. линија терминиран сегмент - >(поголема од) 3km инкремент1 km | 154 |
| 34 Mbit терминиран сегмент на изнајмена линија - 300 m | 32.236 |
| 34 Mbit терминиран сегмент на изнајмена линија - 3 km | 30.785 |
| 34 Mbit терминиран сегмент на изнајмена линија - 3 km наголемување од 100 m | 373 |
| 34 Mbit изнај. линија терминиран сегмент - >(поголема од) 3 km | 56.277 |
| 34 Mbit изнај. линија терминиран сегмент - >(поголема од) 3 km инкремент 1 km | 427 |
| 155 Mbit терминиран сегмент на изнајмена линија - 300 m | 51.389 |
| 155 Mbit терминиран сегмент на изнајмена линија - 3 km | 49.938 |
| 155 Mbit терминиран сегмент на изнајмена линија - 3 km наголемување од 100 m | 373 |
| 155 Mbit изнај. линија терминиран сегмент - >(поголема од) 3 km | 66.297 |
| 155 Mbit изнај. линија терминиран сегмент - >(поголема од) 3 km инкремент 1 km | 534 |

## Надоместоци применливи за дополнителни услуги

### Надоместоци за преселба

Еднократните надоместоци за преселба на Мрежната завршна точка и/или Интерконекциската точка за изнајмени линии се наплаќаат согласно трошокот на услугата за преселување. Преселбата важи само доколку спецификациите за големопродажната изнајмена линија не се менуваат.

## ПРИЛОГ 8:ПРИЈАВА И ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПРЕЧКИ

### Постапка

Партнерот е должен да го извести МКТ за настанатите пречки во одвивањето на услугата во рамките на 1 час по настанувањето на пречката, т.е. по воочувањето на пречката од страна на Партнерот (во понатамошниот текст: Пријава на пречка). Пријавата на пречка се поднесува на образец дефиниран во додатокот на овој Прилог преку телефакс или преку електронска пошта. Бројот на телефаксот како и е-маил адресата за поднесување на Пријава на пречки ќе бидат дефинирани во Договорот за големопродажни изнајмени линии со секој поединечен Партнер.

Во случај на усмена пријава на пречка, Партнерот мора да ја потврди пријавата на пречка со поднесување на образецот Пријава на пречка согласно претходно опишаната постапка на пријава на пречка.

По приемот на Пријавата на пречка, МКТ ќе пристапи кон постапката на отстранување на пречки во согласност со своите интерни процедури. МКТ ќе отвори системски налог за отстранување на пречка и ќе ги превземе следните чекори:

- Ќе пристапи кон отстранување на пречката преку советување на Партнерот преку телефон, или одење на локацијата на обезбедување на големопродажната изнајмена линија, доколку е потребно;
- Ќе пристапи кон отстранување на пречки со тестирање на преносните капацитети.

Времето во кое на МКТне му е овозможен пристап на локацијата на големопродажната изнајмена линија нема да биде сметано во времето потребно за отстранување на пречки.

Вообичаено време на отстанување кое ќе се смета од моментот кога Пријавата на пречка е примена до отстранувањето на најмалку 80% од дефектите на изнајмените завршни сегменти на изнајмена линија од ист вид изнесува 48 часа.

МКТ ќе превземе најголеми напори да во рамките на своите технолошки можности осигура интегритет и континуитет на својата мрежа како и да ги превземе сите потребни активности за тестирање или отстранување на пречки во работата на големопродажната изнајмена линија во најкраток можен рок. За таа цел, МКТ има право да изврши преглед на исправноста на терминалната опрема и припадните инсталации за кои постои оправдано сомневање дека предизвикиуваат пречки. Во тој случај, Партнерот ќе му овозможи на МКТ непречен пристап до терминалната опрема и претплатничката инсталација во мерка во која е тоа потребно за да се изврши споменатиот преглед односно за отстранување на пречката.

Ако МКТ со прегледот утврди пречка на терминалната опрема која е во сопственост на Партнерот и која би можела да пречи на работата и/или исправност на мрежата на МКТ или квалитетот на услугата, Партнерот е должен да ја отстрани пречката по насоки на МКТ најдоцна во рок од 8 дена по опоменувањето од страна на МКТ.

Партнерот е обврзан да му ги надомести на МКТ сите трошоци кои би можеле да се појават при извршување на прегледот на исправноста на и/или поправката на терминалната опрема по Пријавата на пречка од страна на Партнерот ако МКТ утврди дека за пречката одговара Партнерот.

## ДОДАТОК НА ПРИЛОГОТ 8: ПРИЈАВА НА ПРЕЧКИ / ИЗВЕШТАЈ ОД ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПРЕЧКА

<table>
<tr><td colspan="3">Партнер</td><td colspan="2">МКТ</td></tr>
<tr><td colspan="3" rowspan="3"></td><td colspan="2">Тел:<br>Fax:<br>e-mail:</td></tr>
<tr><td>Дежурен:</td><td></td></tr>
<tr><td>Број на пријава:</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="5">Податоци за пречката</td></tr>
<tr><td colspan="2">Детален опис/причина за пречката</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Регион</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Платформа</td><td colspan="3">5</td></tr>
<tr><td colspan="2">Локација / релација</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Систем</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Позиција на системот</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Назив на групата</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Влијание на пречката врз услуга</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="5">Усогласени податоци за траење на пречката</td></tr>
<tr><td colspan="2">Почеток (дата/време)</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Крај (дата/време)</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Времетраење</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="3">Партнер</td><td colspan="2">МКТ</td></tr>
<tr><td>Име и Презиме</td><td colspan="2"></td><td>Име и Презиме</td><td></td></tr>
<tr><td>Потпис</td><td colspan="2"></td><td>Потпис</td><td></td></tr>
</table>